**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ

ТРЕТ КВАРТАЛ, 2018 ГОДИНА

октомври 2018 година

## Содржина

1. Резиме на резултатите ............................................................2

2. Кредити на претпријатијата ............................................................2

2.1 Услови за кредитирање............................................................2

2.2 Побарувачка на кредити ............................................................6

3. Кредити на домаќинствата ............................................................9

3.1 Услови за кредитирање............................................................9

3.2 Побарувачка на кредити ............................................................14

4. Резултати од поединечните прашања ............................................................17

4.1 Кредити на претпријатијата ............................................................17

4.2 Кредити на домаќинствата ............................................................23

# 1. Резиме на резултатите[1]

*Кредити на претпријатијата*

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, со слична динамика како и во претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: мало нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, но изразено послабо во однос на претходната анкета.
- Очекувања за четвртиот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови и раст на побарувачката на корпоративните кредити на нето-основа.

*Кредити на домаќинствата*

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, но послабо во однос на претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на домаќинствата, со слична динамика во однос на претходната анкета.
- Очекувања за четвртиот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови и очекувања за нето-зголемување на побарувачката на кредити.

# 2. Кредити на претпријатијата

## 2.1 Услови за кредитирање

Во третиот квартал на 2018 година се забележува натамошно нето-олеснување на вкупните услови за одобрување корпоративни кредити, со слична динамика како во претходната анкета. Поголем дел од банките (околу 86%) и натаму укажуваат на непроменети кредитни услови при одобрувањето кредити на претпријатијата. Нето-олеснувањето на условите за кредитирање на претпријатијата во третиот квартал од годината соодветствува со очекувањата на банките дадени во претходната анкета, за третиот квартал од годината. За четвртиот квартал од 2018 година, банките упатуваат на послабо нето-олеснување на вкупните кредитни услови за одобрување корпоративни кредити, во споредба со претходната анкета.

[1] Со Анкетата се опфатени 14 банки и сите банки доставија одговори. Методологијата на Анкетата за кредитната активност е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност

Графикон 1
Услови за кредитирање при одобрување заеми или кредитни линии на претпријатијата
(нето-процент*)




*Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени" и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети". Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор.

Од аспект на поединечните услови за кредитирање на корпоративниот сектор, во третиот квартал од 2018 година не се забележани позначителни промени во однос на претходниот квартал. Според согледувањата на банките, нето-олеснувањето на кредитните услови и натаму во најголем дел произлегува од каматната стапка, при што тоа е малку поизразено во однос на претходната анкета. Нето-олеснувањето кај некаматните приходи е со слична динамика како и во претходната анкета. Во однос на останатите услови за кредитирање на

корпоративниот сектор, банките и понатаму укажуваат на главно непроменети кредитни услови.

Графикон 2
Промена на поединечните услови за кредитирање на корпоративниот сектор
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени“ и „делумно се заострени“ и збирот на процентите „делумно се олеснети“ и „значително се олеснети“. Позитивниот нето-процент укажува на дестимулативно влијание на конкретниот услов при кредитирањето на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на стимулативно влијание на конкретниот услов при кредитирањето на корпоративниот сектор.

Во поглед на факторите коишто делуваат врз условите за одобрување корпоративни кредити, факторите од групата „притисок на конкуренцијата“, конкуренцијата од другите банки има најголем придонес кон олеснувањето на вкупните кредитни услови, но посилно во однос на претходната анкета, додека конкуренцијата од пазарното финансирање придонесува кон олеснување на кредитните услови со иста динамика како и во претходната анкета. Кај факторите од групата „трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојбата“, поголем дел од банките оценуваат дека пристапот на банката до пазарно финансирање и понатаму придонесува за олеснување на кредитните услови. Кај факторите за „согледување на ризикот“, очекувањата за вкупната економска активност, како и очекувањата за перспективата на гранката на која ѝ припаѓа претпријатието, во третиот квартал придонесуваат за натамошно олеснување на кредитните услови. Кај оваа група фактори, ризикот од неизвршување на обезбедувањето, за првпат од спроведувањето на Анкетата, има мал придонес за олеснување на кредитните услови во оваа анкета, за разлика од претходните анкети кога одговорите на банките укажувале дека овој фактор придонесува за заострување на кредитните услови.

Графикон 3
Фактори што предизвикуваат промена на условите за кредитирање на корпоративниот сектор (нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-" (делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+" (делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање) и „++" (значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање). Позитивниот нето-процент укажува на влијание на факторот врз заострување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на влијание на факторот врз олеснување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор.

Од аспект на влијанието на монетарната политика врз условите за кредитирање на корпоративниот сектор, намален е процентот на банки (17%) коишто укажуваат дека промените на монетарната политика не влијаеја врз каматната политика на банките, во споредба со оцените на банките од минатата анкета (28%). Најголемиот дел од банките (околу 69%) укажуваат дека промените во монетарната политика незначително влијаат врз каматната политика на банките, додека околу 14% од банките укажуваат дека промените во монетарната политика делумно влијаат врз нивната каматна политика.

Графикон 4
Влијание на промените на монетарната политика врз каматната политика при одобрувањето кредити на корпоративниот сектор
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу процентите „значително влијаеја“ и „не влијаеја“. Позитивниот нето-процент укажува на значително влијание на промените на монетарната политика врз каматната политика на банките при кредитирање на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува дека промените на монетарната политика немаат влијание врз каматната политика на банките при кредитирање на корпоративниот сектор.

## 2.2 Побарувачка на кредити

Во третиот квартал на 2018 година, банките укажуваат на мало нето-зголемување на вкупната побарувачка на корпоративни кредити, но многу послабо во однос на претходната анкета. Според банките, ваквата промена е резултат на намалената побарувачка на кредити од страна на малите и средните претпријатија, краткорочните и долгорочните кредити, при што забавување на побарувачката се забележува и кај побарувачката на кредити од големите претпријатија. Овие движења кај побарувачката на кредити кај корпоративниот сектор во третиот квартал на нето-основа не се во согласност

со очекувањата на банките дадени во минатата анкета, кога се очекувало зголемување на побарувачката на кредити. За наредните три месеци, банките укажуваат на натамошен раст на вкупната побарувачка, слично со очекувањата од претходната анкета.

Графикон 5
Промена на побарувачката на кредити од страна на претпријатијата
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително е зголемена" и „делумно е зголемена" и збирот на процентите „делумно е намалена" и „значително е намалена". Позитивниот нето-процент укажува на зголемување на побарувачката на кредити, додека негативниот нето-процент укажува на намалување на побарувачката на кредити.

Гледано од аспект на факторите коишто влијаат врз побарувачката на корпоративните кредити, се забележуваат одредени промени во однос на претходната анкета. Имено, факторите од групата „потреби од финансирање", односно инвестициите во основни средства, инвестициите во залихи и обртен капитал и преструктурирањето на

долгот и понатаму најмногу придонесуваат за зголемување на побарувачката на кредити, меѓутоа послабо во споредба со претходната анкета. Кај другата група фактори, односно „употреба на алтернативно финансирање", одговорите од банките во оваа анкета во најголем дел укажуваат на речиси неутрално влијание врз побарувачката на корпоративни кредити, со одредена промена кај факторот заеми од останати банки, којшто и натаму придонесува за зголемување на побарувачката на кредити, но послабо во споредба со претходната анкета.

Графикон 6
Фактори што предизвикуваат промена на побарувачката на кредити на корпоративниот сектор (нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+" (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-" (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесува за намалување на побарувачката). Позитивниот нето-процент укажува на влијание на факторот

врз зголемување на побарувачката на кредити на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на влијание на факторот врз намалување на побарувачката на кредити на корпоративниот сектор.

# 3. Кредити на домаќинствата

## 3.1 Услови за кредитирање

Во третиот квартал на 2018 година, кај кредитите на домаќинствата се забележува натамошно нето-олеснување на вкупните услови за одобрување кредити, но послабо во споредба со претходната анкета. Ваквата промена е резултат на послабото нето-олеснување на кредитните услови и кај станбените кредити и кај потрошувачките кредити. Сепак, поголем дел од банките и натаму упатуваат на непроменети кредитни услови при одобрувањето кредити на домаќинствата. Оствареното нето-олеснување на кредитните услови е во согласност со очекувањата дадени во претходната анкета, но послабо. Очекувањата за четвртиот квартал од 2018 година укажуваат на натамошно нето-олеснување на кредитните услови.

Графикон 7
Услови за кредитирање при одобрувањето кредити на домаќинствата
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени“ и „делумно се заострени“ и збирот на процентите „делумно се олеснети“ и „значително се олеснети“. Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за кредитирање на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за кредитирање на домаќинствата.

Од аспект на поединечните кредитни услови, каматната стапка кај двата типа кредити наменети за домаќинствата (станбени и потрошувачки) и натаму придонесува за

нето-олеснување, но посилно, особено кај потрошувачките кредити. Сепак, најголем процент од банките и понатаму укажуваат на непроменета каматна стапка кај станбените и кај потрошувачките кредити. Мало заострување се забележува кај провизиите на станбените кредити, за разлика од нето-олеснувањето во претходната анкета. Во однос на потрошувачките кредити, кај некаматните приходи се забележува нето-заострување на условите за одобрување кредити, првпат по долг период на нето-олеснување на овие услови. Кај останатите кредитни услови не се забележуваат позначителни промени во однос на претходната анкета.

Графикон 8
Поединечни кредитни услови при одобрување на станбените кредити
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени" и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети". Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за одобрување станбени кредити на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за одобрување станбени кредити на домаќинствата.

Графикон 9
Поединечни кредитни услови при одобрување на потрошувачките кредити
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени" и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети". Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за одобрување потрошувачки кредити на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за одобрување потрошувачки кредити на домаќинствата.

Од факторите коишто предизвикуваат промена на условите за одобрување кредити, за разлика од претходната анкета, трошоците на финансиските средства и ограничувањата на билансот на состојба придонесуваат за нето-заострување на кредитните услови кај двата типа кредити, но посилно кај станбените кредити. Конкуренцијата од другите банки и натаму е фактор што најмногу придонесува за нето-олеснувањето на условите за одобрување на двата типа кредити на домаќинствата, особено кај потрошувачките кредити. Очекувањата за вкупната економска активност придонесуваат за понатамошно нето-олеснување на условите за одобрување на станбените кредити, но послабо од претходната анкета, додека кај потрошувачките кредити овој фактор е непроменет. Ризикот од неизвршување на обезбедувањето и кредитната способност на потрошувачите и понатаму се фактори коишто предизвикуваат заострување на условите кај станбените и потрошувачките кредити, но посилно во однос на претходната анкета, што е умерено поизразено кај потрошувачките кредити.

Графикон 10
Фактори што предизвикуваат промена на условите за одобрување на станбените и потрошувачките кредити
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--“ (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-“ (делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+“ (делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање) и „++“ (значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање). Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за кредитирање на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за кредитирање на домаќинствата.

Од аспект на влијанието на промените во монетарната политика врз каматната политика на банките при одобрувањето кредити, во третото тримесечје на 2018 година, и понатаму поголем процент на банките (околу 74%) одговориле дека промените на монетарната политика незначително влијаат врз нивната каматна политика. Слично како и во претходната анкета, околу 17% од банките укажуваат дека промените на монетарната политика „не влијаат“ врз нивната политика на одредување на каматните стапки, додека околу 9% од банките одговориле дека монетарната политика „делумно влијае“ врз нивната каматна политика, што е поголем број банки во однос од претходната анкета (4,3%).

Графикон 11
Влијание на промените на монетарната политика врз каматната политика при одобрувањето кредити на домаќинствата
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу процентите „значително влијаеја“ и „не влијаеја“. Позитивниот нето-процент укажува на значително влијание на промените на монетарната политика врз каматната политика на банките при кредитирањето на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува дека промените на монетарната политика немаат влијание врз каматната политика на банките при кредитирањето на домаќинствата.

## 3.2 Побарувачка на кредити

Во третиот квартал на 2018 година банките укажуваат на нето-намалување на побарувачката на кредити кај секторот „домаќинства", но посилно во споредба со претходната анкета. Оценетото намалување на вкупната кредитна побарувачка во најголем дел е резултат на нето-намалувањето на побарувачката на потрошувачки кредити и е посилно во однос на претходната анкета. Кај станбените кредити, се забележува мало нето-зголемување на побарувачката, коешто е незначително поголемо во однос на претходниот квартал. Во третиот квартал помал број банки (околу 68% наспроти 92,4% во претходниот квартал) укажуваат на непроменета побарувачка на вкупните кредити од страна на домаќинствата. Нето-намалувањето на побарувачката на кредити кај секторот „домаќинства" во третиот квартал е спротивно со очекувањата на банките, дадени во претходната анкета. За четвртиот квартал од 2018 година, банките очекуваат нето-зголемување на побарувачката на станбени и потрошувачки кредити, како и во претходната анкета.

Графикон 12
Промена на побарувачката на кредити од страна на домаќинствата
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително е зголемена" и „делумно е зголемена" и збирот на процентите „делумно е намалена" и „значително е намалена". Позитивниот нето-процент укажува на зголемување на побарувачката на кредити, додека негативниот нето-процент укажува на намалување на побарувачката на кредити.

Што се однесува до факторите коишто делуваат врз побарувачката на станбените кредити, перспективите на пазарот за станбена изградба и довербата на потрошувачите и понатаму придонесуваат за стимулирање на кредитната побарувачка, но посилно во

споредба со претходната анкета. Заштедите на домаќинствата се исто така фактор којшто придонесува за зголемување на побарувачката на станбени кредити, но умерено посилно во однос на претходната анкета. Кредитите од останатите банки и понатаму се фактор којшто предизвикува намалување на побарувачката на станбени кредити, но умерено послабо во споредба со претходната анкета. Од аспект на факторите коишто делуваат врз побарувачката на потрошувачки кредити, довербата на потрошувачите и трошењето за трајни добра и натаму стимулативно делуваат врз побарувачката, а во иста насока влијаат и заштедите на домаќинствата. Останатите извори на финансирање и натаму придонесуваат за намалување на побарувачка на потрошувачки кредити, но посилно во споредба со претходната анкета.

Графикон 13
Фактори што предизвикуваат промена кај побарувачката на станбените кредити (нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+" (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-" (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесува за намалување на побарувачката). Позитивниот нето-процент укажува на зголемување на побарувачката на станбени кредити, додека негативниот нето-процент укажува на намалување на побарувачката на станбени кредити.

Графикон 14
Фактори што предизвикуваат промена кај побарувачката на потрошувачките и останатите кредити (нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++“ (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+“ (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-“ (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--“ (значително придонесува за намалување на побарувачката). Позитивниот нето-процент укажува на зголемување на побарувачката на потрошувачки и останати кредити, додека негативниот нето-процент укажува на намалување на побарувачката на потрошувачки и останати кредити.

**ПРИЛОГ 1**[2]

# 4. Резултати од поединечните прашања

## 4.1 Кредити на претпријатијата

1. Како се променети условите за кредитирање на Вашата банка, од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата во изминатите три месеци?

| | Вкупно | | Кредити на малите и средните претпријатија | | Кредити на големите претпријатија | | Краткорочни кредити | | Долгорочни кредити | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 |
| **Значително се заострени** | | | | | | | | | | |
| **Делумно се заострени** | 0,7 | | 0,7 | | 0,7 | | 0,7 | | 0,7 | |
| **Во основа останаа непроменети** | 85,1 | 86,3 | 79,6 | 85,4 | 85,1 | 86,3 | 73,3 | 74,7 | 85,1 | 86,3 |
| **Делумно се олеснети** | 14,3 | 13,7 | 19,8 | 14,6 | 14,3 | 13,7 | 26,1 | 25,3 | 14,3 | 13,7 |
| **Значително се олеснети** | | | | | | | | | | |
| **Неприменливо** | | | | | | | | | | |
| ***Вкупно*** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** |
| ***Нето-процент*** | ***-13,6*** | ***-13,7*** | ***-19,1*** | ***-14,6*** | ***-13,6*** | ***-13,7*** | ***-25,4*** | ***-25,3*** | ***-13,6*** | ***-13,7*** |
| ***Број на банки коишто одговориле*** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** |

Нето-процентот преставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени“ и „делумно се заострени“, и збирот на процентите „делумно се олеснети“ и „значително се олеснети“.

2. Како влијаеја долунаведените фактори врз условите за кредитирање на Вашата банка, од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата во изминатите три месеци (се

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност може да се најдат на следнава врска: Анкета за кредитната активност - временска серија

однесува на одговорот на прашањето 1 во колоната „вкупно“)? Ве молиме оценете го придонесот за заострувањето или олеснувањето на кредитните стандарди користејќи ја следнава скала:

-- = значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање
- = делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање
0 = придонесуваат за непроменетост на условите за кредитирање
+ = делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање
++ = значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање
НП = неприменливо

| | - - | - | o | + | ++ | НП | Нето-процент | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** |
| **А) Трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојба** | | | | | | | | |
| **-Трошоци поврзани со капиталната позиција на Вашата банка** | | 6,2 | 93,8 | | | | 2,7 | 6,2 |
| **-Пристап на банката до пазарно финансирање (на пример, на пазарот на пари)** | | | 83,6 | 16,4 | | | -12,6 | -16,4 |
| **-Ликвидносната позиција на Вашата банка** | | 3,6 | 92,6 | 1,0 | 2,8 | | -3,6 | -0,2 |
| **Б) Притисок од конкуренција** | | | | | | | | |
| **-Конкуренција од другите банки** | | | 35,3 | 60,5 | 4,2 | | -47,2 | -64,7 |
| **-Конкуренција од небанкарски сектор** | | | 100 | | | | 0,0 | 0,0 |
| **-Конкуренција од пазарното финансирање** | | | 97,2 | 2,8 | | | -2,7 | -2,8 |
| **В) Согледување за ризикот** | | | | | | | | |
| **-Очекувања за вкупната економска активност** | | | 83,5 | 16,5 | | | -17,0 | -16,5 |
| **- Очекувања за перспективата на гранката на која припаѓа претпријатието и на перспективата на поединечните** | | 10,7 | 71,8 | 17,5 | | | -6,4 | -6,8 |
| **-Ризик од неизвршување на обезбедувањето** | | 15,3 | 68,2 | 16,5 | | | 10,8 | -1,2 |
| **Г) Останати фактори, Ве молиме наведете ги** | | | | | | | | |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-" (делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+" (делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање) и „++" (значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање).

3. Ве молиме оценете ја важноста на одделните фактори при процената на кредитната способност на претпријатијата.

-- = потполно неважни

- = делумно важни

0 = важни

+ = многу важни

++ = исклучително важни

НП = неприменливо

| | -- | - | о | + | ++ | НП | Нето-процент | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** |
| **Познавање на клиентот преку деловен однос** | | 1,0 | 0,7 | 35,0 | 63,3 | | 98,3 | 97,3 |
| **Проценет бонитет на клиентот** | | | 0,7 | 12,0 | 87,3 | | 89,3 | 99,3 |
| **Лојалност кон банката** | | 0,7 | 41,1 | 38,8 | 19,4 | | 59,8 | 57,5 |
| **Капиталната моќ на клиентот** | | | 17,5 | 39,4 | 43,1 | | 83,9 | 82,5 |
| **Приходите на клиентот** | | | 0,7 | 34,1 | 65,2 | | 100 | 99,3 |
| **Квалитетот на инвестицискиот проект** | | | | 49,8 | 50,2 | | 100 | 100,0 |
| **Квалитетот на управувањето во претпријатието** | | | 15,4 | 36,9 | 47,7 | | 84,9 | 84,6 |
| **Вредноста на хипотеката** | | | 41,9 | 50,5 | 7,6 | | 58,8 | 58,1 |
| **Приходната/капиталната моќ на гарантите** | | 0,7 | 49,0 | 45,4 | 4,9 | | 41,8 | 49,6 |
| **Висината на учеството во финансирањето** | | | 25,7 | 48,3 | 26,0 | | 72,6 | 74,3 |
| **Останати фактори, Ве молиме наведете ги** | | | | | | | | |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++"(исклучително важни) и „+"(многу важни) и збирот на „-" (делумно важни) и „--"(потполно неважни).

4. Како се променети условите на Вашата банка, од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата во изминатите три месеци? Ве молиме оценете го секој фактор користејќи ја скалата:

-- = значително се заострени
- = делумно се заострени
0 = во основа се непроменети
+ = делумно се олеснети
++ = значително се олеснети
НП = неприменливо

| | - - | - | о | + | ++ | НП | Нето-процент | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** |
| **А) Каматна стапка на кредитите** | | | 32,1 | 67,9 | | | -57,2 | -67,9 |
| **Б) Останати услови и рокови** | | | | | | | | |
| **-Некаматни приходи** | | | 86,3 | 13,7 | | | -14,3 | -13,7 |
| **-Големина на заемот или на кредитната линија** | | | 98,6 | | 1,4 | | -1,5 | -1,4 |
| **-Барања за обезбедување** | | | 100 | | | | -0,7 | 0,0 |
| **-Достасување на заемите** | | | 100 | | | | 0,0 | 0,0 |
| **В) Останати фактори, Ве молиме наведете ги** | | | | | | | | |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително се заострени) и „-"(делумно се заострени) и збирот на „+" (делумно се олеснети) и „++" (значително се олеснети).

5. Какво влијание имаа промените во монетарната политика врз Вашата каматна политика (камати на новоодобрените кредити на претпријатијата) во последните три месеци?

| | Вкупно | | Кредити на малите и средните претпријатија | | Кредити на големите претпријатија | | Краткорочни кредити | | Долгорочни кредити | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** |
| **Значително влијаеја** | | | | | | | | | | |
| **Делумно влијаеја** | 2,7 | 13,8 | 2,7 | 17,4 | 2,7 | 18,8 | 2,7 | 13,8 | 2,7 | 13,8 |
| **Незначително влијаеја** | 69,6 | 69,2 | 69,6 | 65,6 | 69,6 | 64,2 | 69,6 | 69,2 | 69,6 | 69,2 |
| **Не влијаеја** | 27,8 | 17,0 | 27,8 | 17,0 | 27,8 | 17,0 | 27,8 | 17,0 | 27,8 | 17,0 |
| **Неприменливо** | | | | | | | | | | |
| ***Вкупно*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** |
| ***Нето-процент*** | ***-27,8*** | ***-17,0*** | ***-27,8*** | ***-17,0*** | ***-27,8*** | ***-17,0*** | ***-27,8*** | ***-17,0*** | ***-27,8*** | ***-17,0*** |
| ***Број на банки коишто одговориле*** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу процентите „значително влијаеја" и „не влијаеја".

6. Како се промени побарувачката на кредити од страна на претпријатијата во последните три месеци, исклучувајќи ги вообичаените сезонски промени?

| | **Вкупно** | | **Кредити на малите и средните претпријатија** | | **Кредити на големите претпријатија** | | **Краткорочни кредити** | | **Долгорочни кредити** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** | **Кв.2 2018** | **Кв.3 2018** |
| **Значително е намалена** | 3,6 | | | | | | | | | |
| **Делумно е намалена** | 0,7 | | 4,3 | 8,4 | 0,7 | | | 3,6 | | 4,8 |
| **Во основа остана непроменета** | 72,3 | 99,1 | 61,5 | 90,7 | 76,9 | 100 | 72,3 | 95,5 | 76,9 | 91,6 |
| **Делумно е зголемена** | 23,5 | 0,9 | 34,3 | 0,9 | 22,5 | | 27,8 | 0,9 | 23,2 | 3,6 |
| **Значително е зголемена** | | | | | | | | | | |
| **Неприменливо** | | | | | | | | | | |
| ***Вкупно*** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** |
| ***Нето-процент*** | ***19,2*** | ***0,9*** | ***30,0*** | ***-7,5*** | ***21,8*** | ***0,0*** | ***27,8*** | ***-2,7*** | ***23,2*** | ***-1,2*** |
| ***Број на банки коишто одговориле*** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** | **14** |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително е зголемена" и „делумно е зголемена" и збирот на процентите „делумно е намалена" и „значително е намалена".

